Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101 од 22.5.2019 година ), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-53/5 од 06.08.2024 година, директорот на Државниот испитен центар Скопје го донесе следното:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-54/5
13.8. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕШЕНИЕ**

**за одбивање на Барањето за пристап до информации од јавен карактер**

1. Се одбива Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од лицето Слаѓана Марјановиќ Пановска, по електронски пат на е-маил адресата на Државниот испитен центар Скопје, бр 03-53/5 од 06.08.2024 год.
2. Ова Решение влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Образложение**

Приговорите за екстерните испити се разгледуваат од страна на предметна комисија за приговори составена од три члена и тоа: член на соодветната државна матурска предметна комисија, претставник од ДИЦ и претставник од оценувачите. Со цел да се заштитат од притисоци имињата на членовите на државните матурски предметни комисии не се објавуваат додека трае нивниот мандат. Истото се однесува и за Предметните комисии за приговори.

Со оглед на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против ова решение подносителот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на приемот на решението.*

Изготвил: д-р Б. Ламева

Б. Ламева

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Директор,
м-р Билјана Михајловска